Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Министерот за животна средина и просторно планирање , донесува

ПРАВИЛНИК

**За изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за животна средина и просторно планирање број планирање број 01-2372/1 од 3.05.2017 година, број 01-1832/2 од 12.03.2018 година, број 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-1567/1 од 13.03.2019 година, 01-3932/2 од 29.07.2019 година и 01-4222/1 од 31.07.2019 година и тоа:

Во глава V. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТА И СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, во делот на точка 3 - Сектор за Европска унија во работното место со реден број 52 - "раководител на сектор", во делот на вид на образование, по зборот " Правни науки, Политички науки " се додава и зборот "Шумарство и хортикултура".

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број 01-4222/5
07-10-2019 година
СКОПЈЕ

**МИНИСТЕР**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup
Примено / E pranuar: 14.10.2019
Орг. Един. / Nj. org.: 01 | Број / Numër: 4222/5 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

До: **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**СКОПЈЕ**

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис.

**Архивски број 12/6 - 1125/9**
**Дата:** 09.10.2019

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ**

на

Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање, број 01 - 4222/5 од 07.10.2019 година.

***Образложение***

Министерството за животна средина и просторно планирање, изготви Правилник за измена и дополнување на постојниот Правилник за систематизација на работните места, број 01 - 2372/1 од 03.05.2017 година, со извршените измени и согласно во основот, наведениот член од Законот за вработените во јавниот сектор, истиот го достави на предходна согласност.

Министерството за информатичко општество и администрација, го разгледа доставениот акт и утврди дека истиот е во согласност со постојните акти за внатрешната организација и систематизација на работните места во министерството, како и во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15), и Каталогот на работни места во јавниот сектор, составен дел на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), воспоставен од страна на министерството.

Врз основа на изложеното, а во рамки на законски утврдената надлежност, Министерството за информатичко општество и администрација постапи согласно горе наведеното.

Со почит,

Државен советник,

Dr. Jahi Iahija

*Изготвил: Емилија Чукиќ, РО*


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk